# Службен гласник
## на Општина Валандово

Број 3 | 13 март 2020 година, петок

www.valandovo.gov.mk

**С О Д Р Ж И Н А**

**Градоначалник на општина Валандово:**

1. **Решение** за избор на Директори на Фестивалот на новосоздадени македонски песни „ФОЛК-ФЕСТ“ Валандово .................. 3

**Совет на општина Валандово:**

2. **Решение** за објавување на Завршната сметка на Буџетот на Општина Валандово за 2019 година ........................................ 3
3. **Завршна сметка** на Буџетот на Општина Валандово за 2019 година ......................... 3
4. **Решение** за објавување на Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2020 година ................................................ 7
5. **Одлука** за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2020 година ......................... 7
6. **Решение** за објавување на Одлуката за отстапување на новоизградените канализациони системи во населените места Брајковци, Балинци и Марвинци на ЈП „Коминален сервис“ Валандово ............................. 7
7. **Одлука** за отстапување на новоизградените канализациони системи во населените места Брајковци, Балинци и Марвинци на ЈП “Комунален сервис“ Валандово ............ 7
8. **Решение** за објавување на Одлуката за отстапување на движни ствари на ЈП „Коминален сервис“ Валандово ........... 8
9. **Одлука** за отстапување на движни ствари на ЈП „Коминален сервис“ Валандово ........ 8
10. **Решение** за објавување на Одлуката за утврдување на места на кои без надоместок е дозволено да се истакнуваат изборни плакати ........................................ 8
11. **Одлука** за утврдување на места на кои без надоместок е дозволено да се истакнуваат изборни плакати ....................... 9
12. **Решение** за објавување на Одлуката за усвојување на физибилити студијата за примена на мерки за енергетска ефикасност во системот за јавно осветлување во Општина Валандово ............................ 9
13. **Одлука** за усвојување на физибилити студијата за примена на мерки за енергетска ефикасност во системот за јавно осветлување во Општина Валандово ...... 9
14. **Решение** за објавување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за реконструкција на јавното осветлување во Општина Валандово преку воведување мерки за енергетска ефикасност според ЕСКО Модел ..........................................................9
15. **Одлука** за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за реконструкција на јавното осветлување во Општина Валандово преку воведување мерки за енергетска ефикасност според ЕСКО Модел ........................................... 10

**16. Решение** за објавување на Одлуката за усвојување на референтна годишна потрошувачка на електрична енергија за јавно осветлување и референтни услови за експлоатација во Општина Валандово11
**17. Одлука** за усвојување на референтна годишна потрошувачка на електрична енергија за јавно осветлување и референтни услови за експлоатација во Општина Валандово.............................................11
**18. Решение** за објавување на Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопупување на бесправните објекти во КО Пирава ........11
**19. Одлука** за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопупување на бесправните објекти во КО Пирава ....................................................11
**20. Решение** за објавување на Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопупување на бесправните објекти во КО Казандол .....12
**21. Одлука** за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопупување на бесправните објекти во КО Казандол .................................................12
**22. Решение** за објавување на Одлуката за отстапување на трајно користење на движни ствари на СОУ „Гоце Делчев" Валандово, ООУ „Ј.Б.Тито" Валандово и ООУ „Страшо Пинџур" Јосифово ....................13
**23. Одлука** за отстапување на трајно користење на движни ствари на СОУ „Гоце Делчев" Валандово, ООУ „Ј.Б.Тито" Валандово и ООУ „Страшо Пинџур" Јосифово .................................................13
**24. Решение** за објавување на Одлуката за прифаќање и одржување на опрема во рамки на проектот „Создавање на услови за поголема социјална инклузија на лицата со посебни потреби во Југоисточниот плански регион" .............................14
**25. Одлука** за прифаќање и одржување на опрема во рамки на проектот „Создавање на услови за поголема социјална инклузија на лицата со посебни потреби во Југоисточниот плански регион" ..............14
**26. Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот Извештај на Општина Валандово за 2019 година..15
**27. Заклучок** за усвојување на Годишниот Извештај на Општина Валандово за 2019 година .............................................15
**28. Решение** за објавување на Заклучокот за давање согласност на Извештајот за работата на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2019 година ......................15
**29. Заклучок** за давање согласност на Извештајот за работата на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2019 година ..........15
**30. Решение** за објавување на Заклучокот за давање согласност на Програмата за за работа и развој на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2020 година ..........16
**31. Заклучок** за давање согласност на Програмата за работа и развој на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2020 година ...16
**32. Решение** за објавување на Заклучокот за давање согласност на Финансискиот извештај за работата на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2019 година ..........16
**33. Заклучок** за давање согласност на Финансискиот извештај за работата на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2019 година ............................................ 16
**34. Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Завршните сметки на СОУ „Гоце Делчев" Валандово за 2019 година ..................................................... 16
**35. Заклучок** за усвојување на Завршните сметки на СОУ „Гоце Делчев" Валандово за 2019 година ................................. 17
**36. Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Завршните сметки на ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово за 2019 година ............................................ 17
**37. Заклучок** за усвојување на Завршните сметки на ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово за 2019 година .................... 17
**38. Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Завршните сметки на ООУ „Страшо Пинџур" Јосифово за 2019 година ..............................................17
**39. Заклучок** за усвојување на Завршните сметки на ООУ „Страшо Пинџур" Јосифово за 2019 година ...................... 17
**40. Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Завршните сметки на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за 2019 година ...................................................... 18
**41. Заклучок** за усвојување на Завршните сметки на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за 2019 година ...................................... 18
**42. Решение** за објавување на Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Валандово во 2020 година .................... 18
**43. Програма** за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Валандово во 2020 година ..... 18
**44. Решение** за објавување на Програмата за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање во Општина Валандово во 2020 година .................... 21
**45. Програма** за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање во Општина Валандово во 2020 година ..... 21

Врз основа на член 3 став 10, член 4 став 10, член 5 став 10 од Правилникот за организационата поставеност на „ФОЛК-ФЕСТ“ Валандово бр.08-174/9 од 13.12.2018 година („Службен гласник на Општина Валандово“ бр.15/18), член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на директори на Фестивалот на новосоздадени македонски песни „ФОЛК-ФЕСТ“ Валандово**

**1.** Со оваа Решение Градоначалникот на Општина Валандово врши избор на кандидати по Јавен конкурс за избор на директори на Фестивалот на новосоздадени македонски песни „ФОЛК-ФЕСТ“ Валандово.

**2.** Врз основа на дадениот предлог на кандидати за избор од страна на Комисијата за селекција на кандидати, се врши следниот избор на кандидати по Јавниот конкурс за избор на директори на Фестивалот на новосоздадени македонски песни „ФОЛК-ФЕСТ“ Валандово и тоа:

**За Директор на фестивалот,**

Методија Автовски - продуцент;

**За Уметнички Директор на фестивалот**

Живоин Глишиќ – композитор;

**За Технички директор на фестивалот**

Ѓоко Павлов – Фолклорен работник..

**3.** Мандатот на избраните директори трае две години.

**4.** Решение ќе биде објавено во „Службен гласник на Општина Валандово“.

**О б р а з л о ж е н и е**

Општина Валандово на ден 10 јануари 2020 година во дневниот весник „Нова Македонија“ и на ВЕБ страната на општината, објави Јавен конкурс за избор на директори на Фестивалот на новосоздадени македонски песни „ФОЛК-ФЕСТ“ Валандово и тоа за:

- Директор на фестивалот 1 извршител
- Уметнички директор на фестивалот 1 извршител
- Технички директор на фестивалот 1 извршител

Согласно пропишаната постапка за избор, Градоначалникот на Општина Валандово со Решение бр.09-139/3 од 14.02.2020 година формираше Комисија за селекција за избор на Директор, Уметнички директор и Технички директор на Фестивалот на новосоздадени македонски песни „ФОЛК-ФЕСТ“ Валандово, составена од еден претставник од Општина Валандово и двајца претставници од Министерство за култура.

По спроведување на пропишаната постапка, Комисијата за селекција до Градоначалникот на Општина Валандово достави Предлог со листа на кандидати за избор.

Имајќи го во предвид дадениот предлог, Градоначалникот на Општина Валандово, со оваа Решение, врши избор на кандидати како во диспозитивот.

Незадоволната страна против оваа Решение може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

| | |
|---|---|
| Бр.09-139/5 | Градоначалник |
| 24.02.2020 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Завршната сметка на Буџетот на Општина Валандово за 2019 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Завршната сметка на Буџетот на Општина Валандово за 2019 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и третата редовна седница, одржана на ден 12.03.2020 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-306/2 | Градоначалник |
| 13.03.2020 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

---

Врз основа на член 33 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.244/19), член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) ) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на триесет и третата редовна седница, одржана на ден 12.03.2020 година, донесе

**ЗАВРШНА СМЕТКА**
**на Буџетот на Општина Валандово**
**за 2019 година**

**Член 1**

Вкупниот износ на планираните и остварените приходи и расходи во 2019 година изнесуваат:

| | планирани | реализирани |
|---|---|---|
| **I.Вкупно приходи** | **292.080.000 ден.** | **212.916.259 ден.** |
| Даночни приходи | 21.795.000 ден. | 22.048.960 ден. |
| Неданочни приходи | 14.184.000 ден. | 11.714.662 ден. |
| Капитални приходи | 8.106.000 ден. | 10.216.530 ден. |
| Приходи од дотации | 113.648.000 ден. | 111.698.569 ден. |
| Трансфери | 74.043.000 ден. | 29.664.948 ден. |
| Донации | 60.304.000 ден. | 27.572.590 ден. |
| **II. Вкупни расходи** | **309.170.000 ден.** | **215.456.943 ден** |
| Утврдени намени | 308.620.000 ден. | 215.175.514 ден. |
| Резерви | 550.000 ден. | 281.429 ден. |
| **III. Дефицит** | **-17.090.000 ден.** | **-2.540.684 ден.** |
| **IV. Финансирање** | | **2.540.684 ден.** |
| **Прилив** | **0** | **2.540.684 ден.** |
| - Домашно задолжување | 0 | 0 |
| - Странски заем | 0 | 0 |
| - Депозит | 17.090.000 | 2.540.684 ден. |
| **Одлив** | | |
| - отплата на главнина | | |

**Член 2**

Салдото на сите сметки на Буџетот на Општина Валандово на 31.12.2019 година претставува разлика од пренесениот вишок на приходи од претходната 2018 година (22.341.958) и дефицит од тековната 2019 година (2.540.684) и изнесува

| | |
|---|---|
| **- Салдо на 31.12.2019 год.** | **19.801.274 ден.** |
| Салдо основен буџет | 4.526.329 ден. |
| Салдо буџет дотации | 11.556.413 ден. |
| Салдо буџет самофинансирачки активности | 1.652.232 ден. |
| Салдо буџет донации | 2.066.300 ден |

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на основниот буџет, во износ од 4.526.329 денари, се пренесува како прилив на основниот буџет на Општина Валандово за 2020 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на дотации, во износ од 11.556.413 денари, се пренесува како прилив на буџетот на дотации на Општина Валандово за 2020 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на самофинансирачки активности, во износ од 1.652.239 денари, се пренесува како прилив на буџетот на самофинансирачки активности на Општина Валандово за 2020 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на донации, во износ од 2.066.300 денари, се пренесува како прилив на буџетот на донации на Општина Валандово за 2020 година.

**Член 3**

Планираните и остварените приходи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи по основни намени, се искажани во билансите на приходи и расходи.

**Член 4**

Во посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Валандово за 2019 година се искажани планираните и извршените расходи по потпрограми, сметки и основни намени.

**Член 5**

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Валандово за 2019 година ќњ се објави во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-26/2 Совет на Општина Валандово
12.03.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

ЗАВРШНА СМЕТКА НА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО ЗА 2019 ГОДИНА

во денари

| ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛ ВАЛАНДОВО<br>ВАЛАНДОВО<br>БУЏЕТ НА ОПШТИНА | Основен буџет 2019 | | Дотации 2019 | | Самофинансирачки активности 2019 | | Донации 2019 | | Кредити 2019 | | Вкупно 2019 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација |
| ВИШОК НА ПРИХОДИ | | 0 | | 368,099 | | 213,376 | | 0 | | 0 | | 581,475 |
| 7 ВКУПНИ ПРИХОДИ | 116,068,000 | 76,251,471 | 124,834,000 | 111,698,569 | 7,964,000 | 4,771,633 | 60,304,000 | 29,316,745 | 0 | 0 | 309,170,000 | 216,038,418 |
| 71 Даночни приходи | 21,795,000 | 22,048,960 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 21,795,000 | 22,048,960 |
| 711 Данок од доход, добивка и капитални добивки | 1,665,000 | 1,651,713 | | | | | | | | | 1,665,000 | 1,651,713 |
| 712 Придонеси од плати за социјални фондови | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 713 Даноци на имот | 8,150,000 | 9,169,485 | | | | | | | | | 8,150,000 | 9,169,485 |
| 714 Домашни даноци на стоки и услуги | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 715 Данок од меѓународна трговија и трансакции (царини и давачки) | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 716 Други даноци | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 717 Даноци на специфични услуги | 11,880,000 | 11,227,522 | | | | | | | | | 11,880,000 | 11,227,522 |
| 718 Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 100,000 | 240 | | | | | | | | | 100,000 | 240 |
| 719 Данок на финансиски трансакции | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 72 Неданочни приходи | 6,220,000 | 6,943,029 | 0 | 0 | 7,964,000 | 4,771,633 | 0 | 0 | 0 | 0 | 14,184,000 | 11,714,662 |
| 721 Претприемачки приход и приход од имот | | | | 0 | 0 | 8,390 | | | | | 0 | 8,390 |
| 722 Глоби,судски и административни такси | 270,000 | 212,146 | 0 | | 0 | | | | | | 270,000 | 212,146 |
| 723 Административни такси и надоместоци | 250,000 | 307,900 | 0 | 0 | 7,440,000 | 4,365,974 | | | | | 7,690,000 | 4,673,874 |
| 724 Други Владини услуги | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 725 Други неданочни приходи | 5,700,000 | 6,422,983 | 0 | 0 | 524,000 | 397,269 | | | | | 6,224,000 | 6,820,252 |
| 73 Капитални приходи | 8,106,000 | 10,216,530 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8,106,000 | 10,216,530 |
| 731 Продажба на капитални средства | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 732 Продажба на стоки | | | | | | | | | | | 0 | |
| 733 Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 8,106,000 | 10,216,530 | | | | | | | | | 8,106,000 | 10,216,530 |
| 734 Капитални трансфери од недржавни извори | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 74 Трансфери и донации | 79,947,000 | 31,042,952 | 124,834,000 | 111,698,569 | 0 | 0 | 60,304,000 | 29,316,745 | 0 | 0 | 265,085,000 | 172,058,266 |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 79,947,000 | 31,042,952 | 124,834,000 | 111,698,569 | 0 | | 0 | 1,744,155 | | | 204,781,000 | 144,485,676 |
| 742 Донации од странство | | | | | | | 57,036,000 | 25,042,557 | | | 57,038000 | 25,042,557 |
| 743 Капитални донации | | | | | | | | 0 | | | | |
| 744 тековни донации | | | | | | | 3,268,000 | 2,530,033 | | | 3,268,000 | 2,530,033 |
| 75 Домашно задолжување | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 751 Краткорочни позајмици во земјата | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 752 Благајнички записи | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 753 Долгорочни обврзници | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 754 Домашно задолжување | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 76 Задолжување во странство | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 761 Меѓународни развојни агенции | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 762 Странски влади | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 769 Други задолжувања во странство | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 77 Продажба на хартии од вредност | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 771 Продажба на хартии од вредност | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 78 Приходи од отплата на заеми | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 781 Приходи од наплатени дадени заеми | | | | | | | | | | | 0 | 0 |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2020 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2020 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и третата редовна седница, одржана на ден 12.03.2020 година.

Бр.09-302/4 Градоначалник
13.03.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („службен весник на РМ“ бр. 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.244/19), член 36 став 1 точка 2 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 21 став 1 точка 4, член 45, член 48 став 1 и член 99 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на триесет и третата редовна седница, одржана на ден 12.03.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2020 година**

**Член 1**

Во член 11 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2020 година, бр.08-162/3 од 30.12.2019 година, се вршат следните измени:

- во став 1 алинеја 1 зборот „наменската“ се брише;
- во став 2 зборовите „општинскиот Буџет“ се заменуваат со зборовите „буџет на дотации“

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-26/4 Совет на Општина Валандово
12.03.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за отстапување на новоизградените канализациони системи во населените места Брајковци, Балинци и Марвинци на ЈП „Коминален сервис“ Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за отстапување на новоизградените канализациони системи во населените места Брајковци, Балинци и Марвинци на ЈП „Коминален сервис“ Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и третата редовна седница, одржана на ден 12.03.2020 година.

Бр.09-302/12 Градоначалник
13.03.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 3 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (“Службен весник на РМ” бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18, „Службен весник на РСМ“ бр.101/19 и 275/19), член 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“бр.275/19), член 32 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води („Службен весник на РМ“ бр.68/2004, 28/2006, 103/2008, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15, 147/15 и 31/16), член 8 и член 9 став 2 од Законот за комуналните дејности (95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18), член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Валандово, Советот на општина Валандово на триесет и третата редовна седница, одржана на ден 12.03.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за отстапување на новоизградените канализациони системи во населените места Брајковци, Балинци и Марвинци на ЈП “Комунален сервис“ Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Валандово ги отстапува новоизградените канализациони

системи во населените места Брајковци, Балинци и Марвинци во трајна сопственост, без надоместок, на ЈП „Комунален сервис“ Валандово и тоа:

- Главен колектор, со вредност од 12.000.000,00 денари;
- Секундарна канализационна мрежа на населено место Марвинци, со вредност до 6.000.000,00 денари;
- Секундарна канализационна мрежа на населени места Брајковци и Балинци, со вредност од 13.000.000,00 денари.

**Член 2**

ЈП „Комунален сервис“ Валандово, на кој се отстапуваат канализационите системи од член 1 на оваа Одлука, како давател на услуга, е должен да утврди цена за користење на услугата и надоместок за приклучување на канализациониот систем, на кои согласност дава Советот на општината.

**Член 3**

Како давател на услуга ЈП „Комунален сервис“ Валандово, должен е со секој корисник на услуга да склучи договор со кој ќе ги регулират меѓусебните права и обврски.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-26/12 Совет на Општина Валандово
12.03.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за отстапување на движни ствари на ЈП „Коминален сервис“ Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за отстапување на движни ствари на ЈП „Коминален сервис“ Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и третата редовна седница, одржана на ден 12.03.2020 година.

Бр.09-302/13 Градоначалник
13.03.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 3 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (“Службен весник на РМ” бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18, „Службен весник на РСМ“ бр.101/19 и 275/19), член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и третата редовна седница, одржана на ден 12.03.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за отстапување на движни ствари на ЈП „Комунален сервис“ Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука се отстапуваат во трајна сопственост без надоместок на ЈП „Комунален сервис“ Валандово, следните движни ствари сопственост на Општина Валандово:

- Пластични контејнери со капак со зафатнина од 1.1м$^3$, 50 броја, со набавна вредност од 451.586,00 денари;

- Пластични канти за собирање на отпад со зафатнина од 120л, 400 броја ,со набавна вредност од 338.660,00 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово.

Бр.08-26/13 Совет на Општина Валандово
12.03.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за утврдување на места на кои без надоместок е дозволено да се истакнуваат изборни плакати**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за утврдување на места на кои без надоместок е дозволено да се истакнуваат изборни плакати, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и третата редовна седница, одржана на ден 12.03.2020 година.

Бр.09-302/14 Градоначалник
13.03.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 78 од Изборниот законик („Службен весник на РМ“ бр.40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/11, 51/11, 54/11, 142/11, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.98/19 и 42/20), член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и третата редовна седница одржана на ден 12.03.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на места на кои без надоместок е дозволено да се истакнуваат изборни плакати**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат местата на кои без надоместок е дозволено да се истакнуваат изборни плакати, за време на изборната кампања, за Предвремените избори за пратеници 2020 година.

**Член 2**

Во Општина Валандово без надоместок можат да се истакнуваат изборни плакати на јавните огласни табли во населените места.

**Член 3**

На станбени и други приватни објекти можат да се истакнуваат изборни плакати само со претходна согласност од сопственикот на објектот.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-26/14 Совет на Општина Валандово
12.03.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за усвојување на физибилити студијата за примена на мерки за енергетска ефикасност во системот за јавно осветлување во Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за усвојување на физибилити студијата за примена на мерки за енергетска ефикасност во системот за јавно осветлување во Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и третата редовна седница, одржана на ден 12.03.2020 година.

Бр.09-302/15 Градоначалник
13.03.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 и 4, член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/2002), член 15 став 1 точка 3 и 4, член 21 став 1 точка 11, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, а согласно член 16 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство (Службен весник на РМ 6/12, 144/14, 33/15, 104/15, 215/15 и „Сл.Весник на РСМ“ бр.153/19 и 261/19) Советот на Општина Валандово, на триесет и третата редовна седница, одржана на ден 12.03.2020 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на физибилити студијата за примена на мерки за енергетска ефикасност во системот за јавно осветлување во Општина Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука **СЕ УСВОЈУВА** физибилити студијата за примена на мерки за енергетска ефикасност во системот за јавно осветлување во Општина Валандово .

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-26/15 Совет на Општина Валандово
12.03.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за реконструкција на јавното осветлување во Општина Валандово преку воведување мерки за енергетска ефикасност според ЕСКО Модел**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за усвојување на физибилити студијата за примена на мерки за енергетска ефикасност во системот за јавно осветлување во Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и

третата редовна седница, одржана на ден 12.03.2020 година.

Бр.09-302/16 Градоначалник
13.03.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 17 став 1, 2 и 4 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство (Службен весник на РМ 6/12, 144/14, 33/15, 104/15, 215/15 и „Сл.Весник на РСМ“ бр.153/19 и 261/19), член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 43, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на триесет и третата редовна седница, одржана на ден 12.03.2020 година, донесе:

## О Д Л У К А
**за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за реконструкција на јавното осветлување во Општина Валандово преку воведување мерки за енергетска ефикасност според ЕСКО Модел**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општината Валандово започнува постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за реконструкција на јавното осветлување во општина Валандово преку воведување мерки за енергетска ефикасност според ЕСКО Модел.

**Член 2**

Оправданоста од доделувањето на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство произлегува од потребата за воведување на мерки за енергетска ефикасност во Општината преку реконструкција на постоечкиот систем за јавно осветлување, со што значително ќе се подобри квалитетот на јавното осветлување и ќе се остварат енергетски заштеди кои ќе донесат финансиски бенефит за Општината, а ќе придонесат и кон намалување на штетните емисии во атмосферата.

**Член 3**

Цели кои треба да се остварат со доделувањето на договорот за ЈПП се:

- реконструкција на јавното осветлување;
- воведување мерки за енергетска ефикасност; и
- унапредување на заштитата на животната средина;

**Член 4**

Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство ќе се реализира според моделот:проектирање-изградба-инансирање-стопанисување-трансфер (DFBOT).

Договорот за јавно приватно партнерство ќе се воспостави како јавна набавка на услуга.

**Член 5**

Предмет на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство е: Имплементација на мерки за енергетска ефикасност (МЕЕ) за подобрување на ефикасното користење на енергијата, како и намалување на испуштањето на СО2 штетни емисии (стакленички гасови), а со тоа и намалување на оперативните трошоци на предметниот објект на договорот.

**Член 6**

Проценета вредност на Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство е 26.494.261 денари без ДДВ (дваесет и шест милјони четиристотини девеесет и четири илјади и двеста шеесет и еден денари).

**Член 7**

Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство ќе се додели за период од најмногу 8,5 години при што рокот почнува да тече од датумот на склучување на Договорот.

Пред истекот на рокот од ставот 1 на овој член, приватниот партнер е должен да го предаде во владение на Општината системот за јавно осветлување со сите додатоци и подобрувања.

**Член 8**

Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство се доделува по пат на отворена постапка, со објавување на оглас, а согласно одредбите од Законот за јавните набавки.

**Член 9**

Постапката за доделување на Договор за воспоставување на јавно приватно партнерство ќе ја спроведе Комисија за спроведување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство која ќе биде формирана од страна на Градоначалникот на Општина Вааландово во рок од пет дена од денот на влегување во сила на оваа одлука.

Комисијата ќе ја подготви тендерската документација во рок од 10 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

**Член 10**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на

Општина Валандово“.

Бр.08-26/16 Совет на Општина Валандово
12.03.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за усвојување на референтна годишна потрошувачка на електрична енергија за јавно осветлување и референтни услови за експлоатација во Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за усвојување на референтна годишна потрошувачка на електрична енергија за јавно осветлување и референтни услови за експлоатација во Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и третата редовна седница, одржана на ден 12.03.2020 година.

Бр.09-302/17 Градоначалник
13.03.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 16 став 1, алинеја 4 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство (Службен весник на РМ 6/12, 144/14, 33/15, 104/15, 215/15 и „Сл.Весник на РСМ“ бр.153/19 и 261/19), член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 43, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на триесет и третата редовна седница, одржана на ден 12.03.2020 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на референтна годишна потрошувачка на електрична енергија за јавно осветлување и референтни услови за експлоатација во Општина Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува референтната годишна потрошувачка на електрична енергија за јавно осветлување и референтни услови за експлоатација во Општина Валандово утврдена со Физибилити студијата за примена на мерки за енергетска ефикасност во системот за јавно осветлување во Општина Валандово.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е и Референтната годишна потрошувачка на електрична енергија и референтни услови за експлоатација во Општина Валандово.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Валандово“.

Бр.08-26/17 Совет на Општина Валандово
12.03.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопупување на бесправните објекти во КО Пирава**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопупување на бесправните објекти во КО Пирава, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и третата редовна седница, одржана на ден 12.03.2020 година.

Бр.09-302/19 Градоначалник
13.03.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 11 и член 12 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (“Службен.весник на РМ“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), член 2, став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправните објекти во урбанистичко-планска докуметација („Службен весник на РМ“ бр. 56/11, 162/12 и 95/13), член 22 став 1 точка 1, член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002), член 15 став 1 точка 1, член 21 став 1 точка 7, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на триесет и третата редовна седница одржана на ден 12.03.2020 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклупување на бесправните објекти во КО Пирава**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Валандово утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и ќе се изврши вклопување на бесправен објект во истата урбанистичко-планска документација.

**Член 2**

Потребата од проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект во урбанистичко-планска документација се утврдува за следниот бесправен објект:

- Сервис за автомобили кој се наоѓа на КП 15272/1 КО Пирава.
- Сервис за автомобили кој се наоѓа на КП 15235 КО Пирава.

**Член 3**

Постапката за донесување на урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект во истата, да започне по спроведувањето на постапка за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект, врз основа на поднесено барање од сопственикот на бесправно изградениот објект.

**Член 4**

Финансиските трошоци за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект во истата, ќе паднат на товар на сопственикот на бесправно изградениот објект, како барател за донесување урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-26/19 Совет на Општина Валандово
12.03.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопупување на бесправните објекти во КО Казандол**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопупување на бесправните објекти во КО Казандол, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и третата редовна седница, одржана на ден 12.03.2020 година.

Бр.09-302/20 Градоначалник
13.03.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 11 и член 12 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (“Службен.весник на РМ“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), член 2, став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправните објекти во урбанистичко-планска докуметација („Службен весник на РМ“ бр. 56/11, 162/12 и 95/13), член 22 став 1 точка 1, член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002), член 15 став 1 точка 1, член 21 став 1 точка 7, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на триесет и третата редовна седница одржана на ден 12.03.2020 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклупување на бесправните објекти во КО Казандол**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Валандово утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и ќе се изврши вклопување на бесправен објект во истата урбанистичко-планска документација.

**Член 2**

Потребата од проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект во урбанистичко-планска

документација се утврдува за следниот бесправен објект:

- Индивидуален станбен објект кој се наоѓа на КП 519 КО Казандол.

**Член 3**

Постапката за донесување на урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект во истата, да започне по спроведувањето на постапка за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект, врз основа на поднесено барање од сопственикот на бесправно изградениот објект.

**Член 4**

Финансиските трошоци за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект во истата, ќе паднат на товар на сопственикот на бесправно изградениот објект, како барател за донесување урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-26/20 Совет на Општина Валандово
12.03.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за отстапување на трајно користење на движни ствари на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово, ООУ „Ј.Б.Тито“ Валандово и ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за отстапување на трајно користење на движни ствари на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово, ООУ „Ј.Б.Тито“ Валандово и ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и третата редовна седница, одржана на ден 12.03.2020 година.

Бр.09-302/22 Градоначалник
13.03.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 3 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (“Службен весник на РМ” бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18, „Службен весник на РСМ“ бр.101/19 и 275/19), член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и третата редовна седница, одржана на ден 12.03.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за отстапување на трајно користење на движни ствари на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово, ООУ „Ј.Б.Тито“ Валандово и ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово**

**Член 1**

Со оваа Одлука се отстапуваат на трајно користење, без надомест, на Средното општинско училиште и Општинските основни училишта во Општина Валандово, движни ствари набавени по спроведен проект „Форум во заедниците“, со потпроект „ИКТ лаборатории и училишен медиум“, со средства обезбедени по пат на донација од УНДП (UNDP), а финансиран од Швајцарска агенција за развој и соработка, и тоа на:

**На СОУ „Гоце Делчев“ Валандово**

| Ред. број | Опис на движните ствари | | Количина | Вредност/ днари |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Персонален компјутер со монитор за професори | | 1 | 55.700,00 |
| 2. | Персонален компјутер со монитор за ученици | | 15 | 553.500,00 |
| 3. | Дигитален фото апарат | | 1 | 28.300,00 |
| 4. | Смарт табла | | 1 | 49.500,00 |
| 5. | Мрежна опрема | | 1 | 12.300,00 |
| 6. | Електрична и мрежна инсталација | | 1 | 110.950,00 |
| 7. | Училишен инвентар | Катедра и стол за професор | 1 | 3.390,00 |
| | | Столови за ученици | 22 | 17.908,00 |
| | | Петаголни клупи | 4 | 15.592,00 |
| | | **ВКУПНО** | | **847.140,00** |

**На ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово**

| Ред број | Опис на движните ствари | | Количина | Вредност/ денари |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Персонален компјутер со монитор за професори | | 1 | 55.700,00 |
| 2. | Персонален компјутер со монитор за ученици | | 19 | 589.000,00 |
| 3. | Печатар 3 во 1 | | 1 | 9.200,00 |
| 4. | Смарт табла | | 1 | 49.500,00 |
| 5. | Проектор | | 1 | 22.600,00 |
| 6. | Мрежна опрема | | 1 | 12.300,00 |
| 7. | Електрична и мрежна инсталација | | 1 | 127.050,00 |
| 8. | У Училишен инвентар | Катедра и стол за професор | 1 | 3.390,00 |
| | | Столови за ученици | 20 | 16.280,00 |
| | | Петаголни клупи | 4 | 15.592,00 |
| | | **ВКУПНО** | | **900.612,00** |

**На ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово**

| Ред број | Опис на движните ствари | | Коли чина | Вредност/ денари |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Персонален компјутер со монитор за професори | | 1 | 55.700,00 |
| 2. | Персонален компјутер со монитор за ученици | | 19 | 589.000,00 |
| 3. | Дигитален фото апарат | | 1 | 28.300,00 |
| 4. | Смарт табла | | 1 | 49.500,00 |
| 5. | Проектор | | 1 | 22.600,00 |
| 6. | Мрежна опрема | | 1 | 12.300,00 |
| 7. | Електрична и мрежна инсталација | | 1 | 127.050,00 |
| 8. | Училишен инвентар | Катедра и стол за професор | 1 | 3.390,00 |
| | | Столови за ученици | 22 | 17.908,00 |
| | | Петаголни клупи | 4 | 15.592,00 |
| | | | **ВКУПНО** | **921.340,00** |

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово.

Бр.08-26/22 Совет на Општина Валандово
12.03.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за прифаќање и одржување на опрема во рамки на проектот „Создавање на услови за поголема социјална инклузија на лицата со посебни потреби во Југоисточниот плански регион“**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за прифаќање и одржување на опрема во рамки на проектот „Создавање на услови за поголема социјална инклузија на лицата со посебни потреби во Југоисточниот плански регион“, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и третата редовна седница, одржана на ден 12.03.2020 година.

Бр.09-302/23 Градоначалник
13.03.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на Грантовата шема за иновативни проекти на планските региони овозможена во рамките на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – I фаза“, врз основа на Член 25 став 1 алинеја 11 од Законот за рамномерен регионален развој,(„Службен весник“ на РСМ бр. 63/07, 187/13, 43/14, 215/15 и 64/18), член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 11, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и третата редовна седница, одржана на ден 12.03.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прифаќање и одржување на опрема во рамки на проектот „Создавање на услови за поголема социјална инклузија на лицата со посебни потреби во Југоисточниот плански регион“**

**Член 1**

Со оваа одлука се прифаќаат сите обврски за имплементирање на проектот „Создавање на услови за поголема социјална инклузија на лицата со посебни потреби во Југоисточниот плански регион“, поддржан преку Грантовата шема за иновативни проекти за 2020 година, во рамките на зададените рокови согласно проектната апликација.

**Член 2**

Водечки партнер на проектот е Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, а проектни партнери се четири Дневни центри за лица со посебни потреби во регионот:

- Проектен партнер 1: ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа – Оддел Дневен Центар за лица со телесна или ментална попреченост во Општина Струмица;
- Проектен партнер 2: ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа – Оддел Дневен Центар за лица со телесна или ментална попреченост во Општина Гевгелија;
- Проектен партнер 3: Дневен центар за деца со посебни потреби во Општина.Валандово;
- Проектен партнер 4: Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - Дневен Центар „ПОРАКА“, Радовиш.

**Член 3**

Општина Валандово се обврзува дека Дневниот центар за деца со посебни потреби, кој е под нејзина надлежност, ќе ја прифати опремата која ќе биде набавена во рамките на проектот „Создавање на услови за поголема социјална инклузија на лицата со посебни потреби во Југоисточниот плански регион“ и ќе ја одржува за време и по имплементација на проектот.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-26/23 Совет на Општина Валандово
12.03.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот Извештај на Општина Валандово за 2019 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Годишниот Извештај на Општина Валандово за 2019 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и третата редовна седница, одржана на ден 12.03.2020 година.

Бр.09-302/3 Градоначалник
13.03.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („службен весник на РМ“ бр. 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.244/19), член 36 став 1 точка 2 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 21 став 1 точка 4, член 45 и 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на триесет и третата редовна седница, одржана на ден 12.03.2020 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишниот Извештај на Општина Валандово за 2019 година**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Годишниот извештај на Општина Валандово за 2019 година.

Составен дел на годишниот извештај се:
- Вовед;
- Годишна сметка;
- Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотациите;
- Извештај за користење на финансиските средства од постојаната и тековна резерва и
- Извештај од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-26/3 Совет на Општина Валандово
12.03.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за давање согласност Извештајот за работата на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2019 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за давање согласност на Извештајот за работата на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2019 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и третата редовна седница, одржана на ден 12.03.2020 година.

Бр.09-302/5 Градоначалник
13.03.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“бр.275/19), член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 21 став 1 точка 31, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и третата редовна седница, одржана на ден 12.03.2020 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на Извештајот за работата на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2019 година**

**1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Извештајот за работата на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2019 година, кој Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово го има усвоено со Одлука бр.02-154/3 од 06.03.2020 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-26/5 Совет на Општина Валандово
12.03.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово,

Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за давање согласност на Програмата за работа и развој на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2020 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за давање согласност на Програмата за работа и развој на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2020 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и третата редовна седница, одржана на ден 12.03.2020 година.

Бр.09-302/6 Градоначалник
13.03.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 11 став 1 точка 8 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“бр.275/19), член 36 став 1 точка 6 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 21 став 1 точка 29, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и третата редовна седница, одржана на ден 12.03.2020 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на Програмата за работа и развој на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2020 година**

**1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Програмата за работа и развој на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2020 година, која Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово ја има усвоено со Одлука бр.02-154/5 од 06.03.2020 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-26/6 Совет на Општина Валандово
12.03.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за давање согласност Финансискиот извештај за работата на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2019 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за давање согласност на Финансискиот извештај за работата на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2019 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и третата редовна седница, одржана на ден 12.03.2020 година.

Бр.09-302/7 Градоначалник
13.03.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“бр.275/19), член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 21 став 1 точка 31, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и третата редовна седница, одржана на ден 12.03.2020 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на Финансискиот извештај за работата на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2019 година**

**1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Финансискиот извештај за работата на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2019 година, кој Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово го има усвоено со Одлука бр.02-154/4 од 06.03.2020 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-26/7 Совет на Општина Валандово
12.03.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Завршните сметки на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за 2019 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Завршните сметки на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за 2019 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на триесет и третата редовна седница, одржана на ден 12.03.2020 година.

Бр.09-302/8 Градоначалник
13.03.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 21 став 1 точка 31, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и третата редовна седница, одржана на ден 12.03.2020 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Завршните сметки на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за 2019 година**

**1. СЕ УСВОЈУВААТ** Завршните сметки на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за 2019 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-26/8 Совет на Општина Валандово
12.03.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Завршните сметки на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово за 2019 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Завршните сметки на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово за 2019 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на триесет и третата редовна седница, одржана на ден 12.03.2020 година.

Бр.09-302/9 Градоначалник
13.03.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 21 став 1 точка 31, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и третата редовна седница, одржана на ден 12.03.2020 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Завршните сметки на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово за 2019 година**

**1. СЕ УСВОЈУВААТ** Завршните сметки на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово за 2019 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-26/9 Совет на Општина Валандово
12.03.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Завршните сметки на ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово за 2019 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Завршните сметки на ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово за 2019 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на триесет и третата редовна седница, одржана на ден 12.03.2020 година.

Бр.09-302/10 Градоначалник
13.03.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 21 став 1 точка 31, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и третата редовна седница, одржана на ден 12.03.2020 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Завршните сметки на ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово за 2019 година**

**1. СЕ УСВОЈУВААТ** Завршните сметки на ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово за 2019 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-26/10 Совет на Општина Валандово
12.03.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Завршните сметки на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово за 2019 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Завршните сметки на ЈОУДГ „калинка“ Валандово за 2019 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на триесет и третата редовна седница, одржана на ден 12.03.2020 година.

Бр.09-302/11 Градоначалник
13.03.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 116 став 1 алинеја 4 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19 и 275/19), член 36 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 21 став 1 точка 31, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и третата редовна седница, одржана на ден 12.03.2020 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Завршните сметки на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово за 2019 година**

**1. СЕ УСВОЈУВААТ** Завршните сметки на Јавната општинска установа-Детска градинка „Калинка“ Валандово за 2019 година, предложени од Управниот одбор на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово со Одлука бр.02-32/3 од 27.02.2020 година.

**2**. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-26/11 Совет на Општина Валандово
12.03.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Валандово во 2020 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Валандово во 2020 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на триесет и третата редовна седница, одржана на ден 12.03.2020 година.

Бр.09-302/18 Градоначалник
13.03.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на РМ“ бр.66/2004, 139/2008, 99/2009, 149/14, 150/15 и 37/16), член 22 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 15 став 1 точка 9 и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и третата редовна седница одржана на ден 12..03.2020 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Валандово во 2020 година**

**I. Вовед**

Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести е во согласност со член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на РМ“ бр.66/2004, 139/2008, 99/2009, 149/14, 150/15 и 37/16) каде е уредено дека Советите на општините по претходно мислење на надлежниот центар за јавно здравје за подрачјето за кое е основан донесуваат програми за спроведување на општите мерки за заштитата на населението од заразни болести на своето подрачје.

Заштитата на населението од заразни болести претставува организирана општествена активност со цел да се спречи појавата или да се намали, отстрани или

искорени ширењето на заразни болести, кои се од посебно значење за Р.С.Македонија.

За заштита од заразни болести се спроведува епидемиолошки надзор и се применуваат општи и посебни мерки, а по потреба и вонредни мерки.

Епидемиолошкиот надзор го организираат и спроведуваат епидемиолошките служби при Институтот за јавно здравје и регионалните центри за јавно здравје.

Општите мерки за заштита од заразни болести ги програмираат и планираат општините, на предлог на Центрите за јавно здравје. Во овие мерки вклучуваат:

1. Обезбедување здравствено исправна вода за пиење и контрола на исправноста на водата;
2. Отстранување на отпадните води и цврстите материи на начин кој спречува загадување на човековата околина;
3. Обезбедување санитарно-технички и хигиенски услови во јавни објекти (училишни и предучилишни установи, објекти за храна, објекти за водоснабдување, други јавни установи и други јавни места);
4. Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација;
5. Обезбедување на превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението;
6. Одржување на комуналната хигиена.

Општите мерки ги организира единицата на локална самоуправа и се спроведуваат во согласност со стандардите и постапките утврдени со закон за секоја дејност одделно.

Посебни (специфични) мерки за заштита на населението од заразни болести се:

1. Откривање на заразни болести-поставување дијагноза;
2. Лабораториско испитување за утврдување на причинителот на заболувањето;
3. Пријавување на заразни болести;
4. Епидемолошки испитувања;
5. Превоз, изолација и лечење на болни од заразна болест;
6. Карантин и здравствен надзор;
7. Здравствени прегледи на одредени категории на вработени, како и на лица и бацилоносители одредени со закон;
8. Имунизација и хемиопрофилакса;
9. Дезинфекција, дезинсекција и дератизација по епидемиолошки индикации.

Специфичните мерки за заштита од заразни болести ги планираат и извршуваат здравствените работници во референтни здравствени установи, според специфичната цел и мерки за кои се регистрирани.

Во услови на епидемии и катастрофи од поширок размер се спроведуваат и вонредни мерки за заштита од заразни болести. Вонредните мерки ги предлага Комисија за заштита од заразни болести.

Спроведувањето на мерките за заштита на населението од заразни болести и средствата за нивно спроведување имаат приоритет во однос на спроведувањето на останатите мерки за здравствена заштита.

## II. Активности

Со Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести се утрдуваат активностите, извршителите, роковите и изворите на финансиски средства за спроведување на општите мерки во спречувањето и сузбивањето на заразните и другите заболувања на територијата на Општина Валандово.

Општите мерки и активности ги организира и следи Општина Валандово, во соработка со ЈЗУ Центар за јавно здравје Струмица.

За заштита на населението од заразни болести во Општина Валандово, во 2020 година, ќе се спроведат следниве општи мерки:

1. Обезбедување здравствено исправна вода за пиење и контрола на исправноста на водата;
2. Обезбедување на хигиено-технички услови во училишните и предучилишните установи;
3. Отстранување на цврстиот отпад и отпадните води на начин кој ќе овозможи заштита на човековата околина од загадување;
4. Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација и други хигиено-технички мерки во населени места и други јавни површини;
5. Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението;

<u>1.1 Обезбедување здравствено исправна вода за пиење и контрола на исправноста на водата</u>

Општина Валандово и во 2020 година генерално ќе продолжи да се грижи за

континуирано снабдување на населението со доволни количини на здравстено исправана вода за пиење.

Директната грижа околу функционирањето на системите за водоснабдување во населените места и одржувањето на здравствената исправност на водата за пиење е на субјектите кои стопанисуваат со системите за водоснабдување, ЈП „Комунален сервис“ Валандово и Месните Заедници.

Притоа Општина Валандово во 2020 година ќе продолжи со постапката на преземање на надлежностите од Месните заедници и пренесување на Јавното комунално претпријатие, со што ќе се добие одговорен субјект и поголема ефикасност во функционирањето на системите и поголема безбедност на водата за пиење од аспект на нејзината здравствена исправност.

Верификација на квалитетот и исправноста на водата за пиење од системите за водоснабдување и информирање на корисниците за квалитетот на водата го врши ЈЗУ Центар за јавно здравје Струмица, најмалку еднаш месечно.

Периодичните анализи се вршат двапати годишно во ЈЗУ Институт за јавно здравје Скопје.

2.1 Обезбедување на хигиено-технички услови во училишните и предучилишните установи

Децата и учениците се највулнерабилна категорија на население. За заштита на нивниот интегритет, а особено од заразна жолтица и други цревни заболувања се вршат и редовни контроли на училишните и предучилишните установи од страна на санитарниот и здравствен инспектор и лекарите од Центарот за јавно здравје.

Врз основа на теренските увиди, сите училишта и градинки добиваат извештај за утврдената состојба, со предлог мерки за подобрување доколку е потребно.

3.1 Отстранување на цврстиот отпад и отпадните води

Отстранувањето на цврстиот отпад во Општина Валандово се спроведува на следниот начин: во градот Валандово и во населените места Раброво, Пирава, Јосифово, Брајковци, Балинци, Марвинци и Грчиште го врши Јавното комунално претпријатие „Комунален сервис“, во населеното место Удово Месната заедница, а во останатите населени места самите граѓани.

Општина Валандово во 2020 година ќе продолжи со пренесувањето на надлежностите и отстранувањето и депонирањето на цврстиот отпад ќе го пренесе на Јавното комунално претпријатие и во некои од останатите населени места. Со овие мерки општината паралелно ќе продолжи со постепеното елиминирање и на дивите депонии. На овој план во тек се и активности преку Југоисточниот плански регион за справување со постоечкиот проблем за управување со отпадот, со основање на регионална депонија.

Во 2020 година ќе се продолжи со веќе започнатите активности за изградба на канализационни системи за прифаќање и одведување на отпадните води. Завршено е
Со изградбата на секундарните мрежи во населените места Балинци и Брајковци, а изготвен е и Проект за с.Раброво со кој ќе се аплицира на објавени повици за добивање на донаторски средства.

Заради заштита од заразни болести

- ќе се врши редовна дезинфекција на садовите за складирање на отпадот;
- заради решавање на проблемот со истекот на отпадните води од канализационниот систем на град Валандово, спроведена е постапка за јавна набавка и во тек е Изработка на проект за изградба на систем за одведување и прочистување на отпадни води;
- инцидентно ќе се превземаат хитни интервенции со специјално возило при затнување на канализационната мрежа на населеното место Пирава, која поради нерегулираниот истек на атмосферските води е подложна на чести затнувања;
- во населените места каде што отстранувањето на отпадните води е во септички јами ќе се врши интервенција за нивно чистење со цистерни.

4.1 Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во населени места и на други јавни површини

Заради поголема ефикасност, превентивната дезинсекција ќе се спроведе како заедничка активност на општините од Југоисточниот плански регион, за што на една од наредните седници на Собранието на регионот ќе биде донесена одлука. Притоа ларвицидната дезинсекција ќе се извршува од месец Април па се до месец Септември, според претходно утврдена динамика, а адултицидна дезинсекција ќе се изведува во неколку наврати во месеците Јуни, Јули и Август, според оперативен план. Во функција на тоа општината претходно ќе изврши евидентирање (мапирање) на сите стоечки води, бари, канали, речни корита и други лежишта на комарци.

Дератизација со поставување на мамци во шахти од фекална канализација ќе се

реализира во месец Мај. Носител на оваа активност ќе биде Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово.

Дератизација и дезинфекција во другите јавни установи под надлежност на општината ќе врши секоја од јавните установи индивидуално.

5.1 Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението

Здравствената едукација на населението ќе се реализира во соработка со Центарот за јавно здравје Струмица. Притоа населението редовно ќе се информира за вектор преносливите заразни заболувања (преку учество на локална телевизија и радио), изработка на информативно-едукативни летоци, брошури и флаери. Непосредната комуникација на терен со месното население ќе биде важен сегмент со цел подигање на степенот на индивидуалната можност на населението за самозаштита и справување.

6.1 Одржување на комуналната хигиена

Одржувањето на комуналната хигиена ќе се врши согласно Програмата на Советот на општина Валандово за одржување на јавната чистота.

**III. Начин на финансирање**

Финансиските средства за превентивна дезинсекција се планирани со Буџетот на Општина Валандово за 2020 година во износ од 860.000,00 денари.

Во 2019 година Општина Валандово спроведе постапка за јавна набавка за Изградба на секундарна мрежа на кализационен систем во с.Балинци и с.Брајковци, со вредност на Договорот од 7.038.833,00 денари, средства обезбедени со Буџетот на Општина Валандово. Договорот на почетокот на 2020 година е реализиран и веќе исплатен;

Исто така во 2019 година спроведена е постапка за јавна набавка за Изработка и ревизија на проект за изградба на систем за одведување и прочистување на отпадни води од канализациониот систем на градот, со вредност на Договорот 859.568,64 денри. Средства во износ од 800.000,00 денари се одобрени од Министерство за животна средина и просторно планирање. Проектот е во тек.

Финансиските средства потребни за реализација на Програмата за одржување на јавната чистота во Општина Валандово се планирани со Буџетот на Општина Валандово за 2020 година, Програма Ј4 и истите изнесуваат 1.200.000,00 денари.

**IV. Завршни одредби**

Програмата влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-26/18 Совет на Општина Валандово
12.03.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2020 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програмата за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2020 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на триесет и третата редовна седница, одржана на ден 12.03.2020 година.

Бр.09-302/21 Градоначалник
13.03.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 22 став 1 точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ 5/2002), член 15 став 1 точка 1 и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и третата редовна седница, одржана на ден 00.03.2020 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2020 година**

**Член 1**

Во делот В од Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2020 година, број 08-162/7 од 30.12.2019 година („Службен гласник на Општина Валандово“ бр.16/19), по точка 4 се додава нова точка 5 која гласи:

„5. Урбанистички план за вон населено место Раброво, место викано „Рудник“, со граници на плански опфат, на југ и исток Регионален пат Раброво-Струмица, на запад плански опфат на село Раброво.

Трошоците за изготвување и донесување на урбанистичкиот план да бидат на товар на подносителот на иницијативата“.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Валандово.

Бр.08-26/21 Совет на Општина Валандово
12.03.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков